Д122,12/15

2693 Централна правосудна книжница
Врховног содишча СР Словеније
61000 ЉУБЉАНА
ул."Товчарјева" бр.9

# СЛУЖБЕН ВЕСНИК
## НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

„Службен весник на СРМ“ излегува по потреба. Ракописите не се враќаат. Огласи по тарифата.

Среда, 10 декември 1975
Скопје
Број 43 Год. XXXI

Претплатата за 1975 година изнесува 300 динари. Овој број чини 3 дин. Жиро сметка 40100-601-128

**453.**

Врз основа на член 214 од Законот за безбедност на сообраќајот на патиштата („Службен весник на СРМ“ бр. 49/74), Извршниот совет на Собранието на Социјалистичка Република Македонија донесува

### РЕШЕНИЕ

### ЗА УТВРДУВАЊЕ ПРЕСТАНУВАЊЕ НА ФУНКЦИЈАТА ЧЛЕНОВИ И ЗА ИМЕНУВАЊЕ ЧЛЕНОВИ НА РЕПУБЛИЧКИОТ СОВЕТ ЗА БЕЗБЕДНОСТ НА СООБРАЌАЈОТ НА ПАТИШТАТА

I. Се утврдува престанување на функцијата членови на Републичкиот совет за безбедност на сообраќајот на патиштата, поради истек на мандатот на:

— Коста Нечевски,
— Томе Малевски,
— Илија Богдановски,
— Митре Марковски,
— Ристо Талев,
— Љубомир Чејовиќ,
— Љупчо Теофиловски,
— Радуле Костовски,
— Божидар Џамбаз,
— Илија Тоневски,
— Раде Вељановски,
— Тодор Давчев,
— Раде Ангелковски,
— Љубомир Бабамов.

II. За членови на Републичкиот совет за безбедност на сообраќајот на патиштата се именуваат:

1. Хилми Емини, судија на Врховниот суд на Македонија;
2. Градимир Симоновиќ, дипл. инж. од Воената пошта 5573 — Скопје;
3. Ламбо Димитровски, виш референт во Републичкиот секретаријат за народна одбрана;
4. м-р Шефкија Чекиќ, секретар на Синдикатот на работниците од сообраќајот и врските на Македонија;
5. Михајло Вељановски, началник на Железничко-транспортното претпријатие — Скопје;
6. Крсте Панговски, генерален директор на „Интернационалтранспорт — Вардар“ — Скопје;
7. Илија Богдановски, директор на Сектор за правни и општи работи во Заедницата за осигурување „Македонија“ — Скопје;
8. м-р Божидар Џамбаз, претседател на Републичкиот одбор на Црвениот крст — Скопје;
9. Александар Петровски, шеф на Службата за внатрешна контрола во Деловната заедница на патниот сообраќај „Македонија сообраќај“ — Скопје;
10. Ристо Талевски, член на Главниот одбор на Сојузот против алкохолизмот и наркоманијата на Македонија — Скопје;
11. Стојан Бендев, член на Авто-мото сојуз на СРМ;
12. д-р Иван Тулевски, претседател на Градскиот одбор на Црвениот крст на град Скопје;
13. Диме Костовски, уредник на Радиотелевизија — Скопје;
14. Ѓорѓи Ајановски, новинар во „Нова Македонија“;
15. д-р Наум Гутевски, директор на Институтот за судска медицина;
16. Живко Масларовски, инспектор за сообраќај и врски во Републичкиот секретаријат за сообраќај и врски.

III. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија“.

Бр. 12-2278/1
29 октомври 1975 година
Скопје

Претседател
на Извршниот совет,
**Благој Попов**, с. р.

---

**454.**

Врз основа на член 67 од Законот за социјална заштита („Службен весник на СРМ“ бр. 16/70), Извршниот совет на Собранието на Социјалистичка Република Македонија донесува

### РЕШЕНИЕ

### ЗА ИМЕНУВАЊЕ ЧЛЕНОВИ НА КОНКУРСНАТА КОМИСИЈА ЗА ИМЕНУВАЊЕ НА ДИРЕКТОР НА СПЕЦИЈАЛНИОТ ЗАВОД ВО ДЕМИР КАПИЈА

I. За членови на Конкурсната комисија за именување на директор на Специјалниот завод во Демир Капија, се именуваат:

1. Димче Кирациски, секретар на Републичката интересна заедница за социјална заштита — Скопје;
2. д-р Лазо Димитров, директор на здравствениот дом — Неготино;
3. инж. агр. Филип Димитров, раководител на погон во ЗИК „Повардарие“ — Неготино.

II. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија“.

Бр. 12-2279/1
29 октомври 1975 година
Скопје

Претседател
на Извршниот совет,
**Благој Попов**, с. р.

---

**455.**

Врз основа на член 38 став 2 од Законот за Народната банка на Македонија („Службен весник на СРМ“ број 45/72), Извршниот совет на Собранието на СР Македонија донесува

### РЕШЕНИЕ

### ЗА ИМЕНУВАЊЕ ВИЦЕГУВЕРНЕР ВО НАРОДНАТА БАНКА НА МАКЕДОНИЈА

1. Се именува за вицегувернер во Народната банка на Македонија Велимир Бундалевски, досегашен заменик на републичкиот секретар за финансии.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија".

Бр. 12-2224/1
15 октомври 1975 година
Скопје

Претседател
на Извршниот совет,
**Благој Попов,** с. р.

**456.**

Врз основа на член 145 од Законот за безбедност на сообраќајот на патиштата („Службен весник на СРМ" бр. 8/75), републичкиот секретар за внатрешни работи донесува

## ПРАВИЛНИК

### ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА ПРОГРАМАТА И НАЧИНОТ НА ПОЛАГАЊЕТО НА ИСПИТОТ ЗА ВОЗАЧ-ИНСТРУКТОР

Член 1

Во Правилникот за програмата и начинот на полагањето на испитот за возач-инструктор („Службен весник на СРМ" бр. 30/75) во член 10 став 2 зборовите: „По исклучок" се бришат и на крајот се додаваат зборовите: „Испитот од психологија, делот од испитот од педагогија што се полага усно и испитот од основи на укажување прва помош на лица повредени во сообраќајна незгода може да се полага и пред испитна комисија што најмалку ја сочинува претседателот или член на испитната комисија и испитувачот за соодветниот испит".

Член 2

Овој правилник влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија".

Бр. 05-9251/2
18 ноември 1975 година
Скопје

Републички секретар
за внатрешни работи,
**Мирко Буневски,** с. р.

**457.**

Врз основа на член 39 став 1 алинеја 3 од Законот за здравствениот надзор над прехранбените продукти и над предметите за општа употреба („Службен весник на СРМ", бр. 29/73), републичкиот секретар за здравство и социјална политика донесува

## РЕШЕНИЕ

### ЗА ОПРЕДЕЛУВАЊЕ ЗДРАВСТВЕНИ ОРГАНИЗАЦИИ ЗА ВРШЕЊЕ ИСПИТУВАЊЕ НА ЗДРАВСТВЕНАТА ИСПРАВНОСТ НАД ПРЕХРАНБЕНИТЕ ПРОДУКТИ И НАД ПРЕДМЕТИТЕ ЗА ОПШТА УПОТРЕБА

I

1) Се определува Републичкиот завод за здравствена заштита — Скопје, да врши микробиолошки и хемиски прегледи на прехранбени продукти вклучувајќи и хемиски прегледи по однос на пестициди во прехранбените продукти и суровини.

2) Се определуваат да вршат микробиолошки и хемиски прегледи над прехранбените продукти, здравствените организации:

1. Здравствен дом — Скопје;
2. Медицински центар — Прилеп;
3. Медицински центар — Тетово;
4. Медицински центар — Кавадарци;
5. Медицински центар — Битола;
6. Воена пошта 5573 — Скопје, Хигиенско-епидемиолошки одред.

3) Се определуваат да вршат само микробиолошки прегледи над прехранбени продукти, здравствените организации:

1. Медицински центар — Куманово;
2. Медицински центар — Титов Велес;
3. Медицински центар — Охрид;
4. Медицински центар — Струмица.

4) Се определува да врши микробиолошки и хемиски прегледи над прехранбени продукти од животинско потекло Ветеринарниот институт — Скопје.

II

Со влегувањето во сила на ова решение престанува да важи Решението за определување здравствени и други работни организации за вршење испитување на здравствената исправност на прехранбените продукти („Службен весник на СРМ", бр. 16/73).

III

Ова решение влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на СР Македонија".

Републички секретар
за здравство и социјална политика,
**Јездимир Богдански,** с. р.

**458.**

Уставниот суд на Македонија, оценувајќи ја уставноста и законитоста на Правилникот за норми, донесен од работничкиот совет на организацијата на здружениот труд Рудници и индустрија за огноотпорни материјали и керамика „Црвена ѕвезда" во Пехчево на седницата од 5 ноември 1973 година, по јавната расправа одржана на 8 октомври 1975 година донесе

## ОДЛУКА

1. СЕ УКИНУВА Правилникот за норми донесен од работничкиот совет на организацијата на здружениот труд Рудници и индустрија за огноотпорни материјали и керамика „Црвена ѕвезда" во Пехчево на седницата одржана на 5 ноември 1973 година.

2. Оваа одлука ќе се објави во „Службен весник на СРМ" и во организацијата на здружениот труд Рудници и индустрија за огноотпорни материјали и керамика „Црвена ѕвезда" во Пехчево на начин определен за објавување на самоуправните општи акти.

3. Уставниот суд на Македонија, по повод на поднесена претставка, со решение У. бр. 34/74 од 27 јуни 1975 година поведе постапка за оценување уставноста и законитоста на означениот правилник, затоа што основано се постави прашањето за неговата согласност со ставот 1 на член 23 од Уставот на СР Македонија и со ставовите 1 и 2 на член 4 од сојузниот Закон за меѓусебните односи на работниците во здружениот труд („Службен лист на СФРЈ" бр. 22/73), а во поглед на членот 12 од правилникот основано се постави и прашањето за неговата согласност со ставот 2 на член 260 од Уставот на СР Македонија.

4. Во претходната постапка и на јавната расправа Судот утврди дека работничкиот совет на означената организација, врз основа на анализа што ја изготвила посебна комисија, на седницата одржана на 7 јули 1973 година констатирал дека работниците, чиј работен учинок се мери со норми, нереално ги натфрлуваат нормите и заклучил дека треба да се донесе нов правилник за норми со кој тие да бидат сведени на реално ниво, односно постојните норми да бидат зголемени просечно со

35%. На оваа седница биле избрани и две комисии за изработка на правилник за норми и за корекција на стартните основи. На седницата од 5 ноември 1973 година работничкиот совет донел нов Правилник за норми. Според ставот 1 на член 8 од овој правилник негов составен дел се описот на нормите и ценовникот на работите, донесени исто така на 5 ноември 1973 година, со кои за секој вид на работа е определена норма, потоа единица мерка, единица цена и дневниот стартен основ.

Согласно ставот 1 на член 23 од Уставот на СР Македонија и ставот 1 на член 4 од сојузниот Закон за меѓусебните односи на работниците во здружениот труд („Службен лист на СФРЈ" бр. 22/73) работниците во основната организација на здружениот труд ги утврдуваат основите и мерилата за распределба на средствата за лични доходи, како и начинот за пресметување и исплата на личните доходи. Според мислењето на Судот утврдувањето на основите и мерилата за распределба на личните доходи е прашање од областа на меѓусебните односи на работниците во здружениот труд, кои, согласно ставот 2 на член 4 од означениот закон, се уредуваат во основната организација на здружениот труд со една или повеќе самоуправни спогодби.

Со оглед на тоа што со оспорениот правилник се определени основи и мерила за распределба на средствата за лични доходи, односно за утврдување личните доходи на работниците што работат во производството и што овие основи и мерила се утврдени од работничкиот совет, а не непосредно од работниците со самоуправна спогодба, Судот оцени дека правилникот не е во согласност со означените одредби на Уставот и законот.

5. Оценувајќи го посебно членот 12 од оспорениот правилник Судот утврди дека во него е определено правилникот да се применува од 1 јули 1973 година и дека со оваа одредба на правилникот му е дадено повратно дејство. Со оглед на тоа, Судот утврди дека тој не е во согласност со ставот 2 на член 260 од Уставот на СР Македонија според кој самоуправните општи акти не можат да се применуваат пред да се објават на соодветен начин.

На основа изнесеното Судот одлучи како во точката 1 на оваа одлука.

У. бр. 34/74
8 октомври 1975 година
Скопје

Претседател
на Уставниот суд на Македонија,
**д-р Асен Групче,** с. р.

## 459.

Уставниот суд на Македонија, оценувајќи ја уставноста на членот 26 од Самоуправната спогодба за распределба на средствата за лични доходи од 8 октомври 1974 година, склучена меѓу работниците на Производно-трговското и посредничко претпријатие на големо и мало „Јадран" во Неготино и законитоста на Одлуката за покачување на бодирањето во врска со стажот бр. 0201-344 донесена од работничкиот совет на означеното претпријатие на седницата од 28 март 1975 година, по јавната расправа одржана на 8 октомври 1975 година донесе

## ОДЛУКА

1. СЕ УКИНУВААТ:

а) членот 26 од Самоуправната спогодба за распределба на средствата за лични доходи од 8 октомври 1974 година, склучена меѓу работниците на Производно-трговското и посредничко претпријатие на големо и мало „Јадран" во Неготино; и

б) Одлуката за покачување на бодирањето во врска со стажот бр. 0201-344 донесена од работничкиот совет на Производно-трговското и посредничко претпријатие на големо и мало „Јадран" во Неготино на седницата од 28 март 1975 година.

2. Оваа одлука ќе се објави во „Службен весник на СРМ" и во Производно-трговското и посредничко претпријатие на големо и мало „Јадран" во Неготино, на начин определен за објавување на самоуправните општи акти.

3. Уставниот суд на Македонија, по повод на поднесена претставка, со решение У. бр. 55/75 од 3 јули 1975 година поведе постапка за оценување уставноста на членот 26 од самоуправната спогодба означена во точката 1 на оваа одлука затоа што основано се постави прашањето за неговата согласност со членот 22 од Уставот на СР Македонија, како и за оценување законитоста на одлуката означена во точката 1 на оваа одлука, затоа што основано се постави прашањето за нејзината согласност со членот 4 од сојузниот Закон за меѓусебните односи на работниците во здружениот труд („Службен лист на СФРЈ" бр. 22/73).

4. Во претходната постапка и на јавната расправа Судот утврди дека во членот 26 од означената самоуправна спогодба е определено на утврдениот вкупен број бодови за секое работно место, за секоја година на работен стаж да се додаваат уште по 10 бода, но најмногу до 30 години работен стаж односно до 300 бода.

Според членот 22 од Уставот на СР Македонија и ставот 2 на член 42 од Законот за меѓусебните односи на работниците во здружениот труд на секој работник, во согласност со начелото на распределба според трудот и со порастот на продуктивноста на неговиот и на вкупниот општествен труд и со начелото на солидарноста на работниците во здружениот труд, му припаѓа од доходот на основната организација на здружениот труд личен доход за задоволување на неговите лични, заеднички и општи општествени потреби, според резултатите од неговиот труд и неговиот личен придонес што со својот тековен и минат труд го дал за зголемувањето на доходот на основната организација. Од овие одредби на Уставот и законот произлегува дека личниот доход на работникот, како по основот тековен труд така и по основот минат труд, треба да се утврдува во зависност од резултатите на неговиот труд и неговиот личен придонес за зголемувањето на доходот на основната организација, а според мислењето на Судот резултатите од трудот на работникот и неговиот личен придонес за зголемувањето на доходот на основната организација не се еднакви кај сите работници. Освен тоа, доколку работникот со својот минат труд придонесува за зголемувањето на доходот на основната организација, Судот смета дека неговото учество во распределбата на средствата за лични доходи по основот минат труд не може да биде ограничено само на определено време од неговиот работен стаж. Со оглед на тоа што со членот 26 од самоуправната спогодба делот од личниот доход на работникот по основот минат труд е утврден во еднаков фиксен износ за сите работници во оваа организација независно од резултатите од трудот на работникот и неговиот личен придонес за зголемувањето доходот на основната организација, како и со оглед на тоа што учеството во распределбата на средствата за лични доходи по основ минат труд е ограничено на работен стаж до најмногу 30 години, Судот оцени дека овој член од спогодбата не е во согласност со уставното начело за распределба според трудот утврдено во членот 22 од Уставот на СР Македонија и во ставот 2 на член 42 од означениот закон.

5. Оценувајќи ја оспорената одлука Судот утврди дека таа е донесена од работничкиот совет на означената работна организација на 25 март 1975 година, односно по влегувањето во сила на сојузниот Закон за меѓусебните односи на работниците во здружениот труд. Судот исто така утврди дека со членот 1 од оспорената одлука е дополнет и изменет членот 26 од спогодбата со тоа што годините на работен стаж на работниците поминати во претпријатието „Јадран" се вреднуваат со уште пет динари, а зборовите од членот 26 од спогод-

бата „но најмногу до 30 години работно искуство“ се избришани.

Согласно членот 4 од означениот закон правата и обврските на работниците од меѓусебните односи во здружениот труд ги уредуваат работниците во основната организација на здружениот труд со самоуправни спогодби. Со оглед на тоа што оспорената одлука уредува прашање од областа на меѓусебните односи на работниците во здружениот труд и што ова прашање не е уредено непосредно од работниците туку за неговото уредување е донесена одлука од работничкиот совет, со која се менуваат одредби од самоуправна спогодба склучена непосредно меѓу работниците, Судот оцени дека таа не е во во согласност со членот 4 од означениот закон.

На основа изнесеното Судот одлучи како во точката 1 на оваа одлука.

У. бр. 55/75
8 октомври 1975 година
Скопје

Претседател
на Уставниот суд на Македонија,
**д-р Асен Групче**, с. р.

**460.**

Уставниот суд на Македонија, оценувајќи ја законитоста на Статутот на организацијата на здружениот труд Рудници и индустрија за огноотпорни материјали и керамика „Црвена ѕвезда“ во Пехчево, донесен од работничкиот совет на организацијата на седницата од 25 декември 1973 година, по јавната расправа одржана на 8 октомври 1975 година донесе

## ОДЛУКА

1. СЕ УКИНУВА Статутот на организацијата на здружениот труд Рудници и индустрија за огноотпорни материјали и керамика „Црвена ѕвезда“ во Пехчево, донесен од работничкиот совет на организацијата на седницата од 25 декември 1973 година.

2. Оваа одлука ќе се објави во „Службен весник на СРМ“ и во организацијата на здружениот труд Рудници и индустрија за огноотпорни материјали и керамика „Црвена ѕвезда“ во Пехчево на начин определен за објавување на самоуправните општи акти.

3. Уставниот суд на Македонија, со решение У. бр. 62/75 од 27 јуни 1975 година по сопствена иницијатива, поведе постапка за оценување законитоста на статутот означен во точката 1 на оваа одлука затоа што основано се постави прашањето за согласноста на означениот статут, а посебно на точката 1 на член 52 и членовите 124 и 125 од статутот со членот 47 во врска со ставот 3 на член 46 од Законот за конституирање и запишување во судскиот регистар на организациите на здружениот труд, како и прашањето за согласноста на алинеите 1, 2, 3, 4, 5, 6 и 7 од точка 3 и точката 4 на член 52 и ставот 2 на член 129 од статутот со членовите 4 и 5 од сојузниот Закон за меѓусебните односи на работниците во здружениот труд.

4. Во претходната постапка и на јавната расправа Судот утврди дека оспорениот статут е донесен од работничкиот совет на означената организација на 25 декември 1973 година односно по влегувањето во сила на Законот за конституирање и запишување во судскиот регистар на организациите на здружениот труд („Службен лист на СФРЈ“ бр. 22/73). Според одредбите на статутот работниците во оваа организација на здружен труд не се организирани во основни организации на здружен труд во нејзин состав.

Според ставот 3 на член 46 од означениот закон статутот на основната организација го донесуваат работниците со мнозинство гласови од вкупниот број на работниците во основната организација. Согласно членот 47 од овој закон и во работната организација, во која работниците одлучиле да не се организираат во основни организации на здружен труд во нејзин состав, статутот го донесуваат работниците со мнозинство гласови од вкупниот број работници во работната организација. Со оглед на тоа што оспорениот статут е донесен од работничкиот совет, а не непосредно од работниците, Судот оцени дека статутот не е во согласност со членот 47 во врска со ставот 3 на член 46 од Законот за конституирање и запишување во судскиот регистар на организациите на здружениот труд.

5. Разгледувајќи го посебно членот 52 од статутот, во кој се определени правата и должностите на работничкиот совет, Судот утврди дека во точката 1 на овој член е определено статутот на организацијата да го донесува работничкиот совет. Во врска со ова овластување на работничкиот совет, во членот 124 од статутот е определено дека работничкиот совет го разгледува предлогот на статутот, задолжително ги проучува сите забелешки, мислења и предлози дадени од работниците, а потоа го утврдува конечниот текст на статутот. Во членот 125 од статутот е определено дека статутот го донесува работничкиот совет на седница со мнозинство гласови од вкупниот број на членови на советот. Со оглед на тоа што во означените одредби од статутот е определено статутот на работната организација да го донесува работничкиот совет, а не непосредно работниците, Судот оцени дека овие одредби од статутот не се во согласност со членот 47 во врска со ставот 3 на член 46 од Законот за конституирање и запишување во судскиот регистар на организациите на здружениот труд.

Судот исто така утврди дека во точката 3 на член 52 од статутот е определено работничкиот совет, покрај другите општи акти, да донесува и: 1) самоуправна спогодба за организација на работната организација; 2) самоуправна спогодба за меѓусебните односи на работниците во здружениот труд; 3) самоуправна спогодба за одговорноста на работниците во здружениот труд; 4) самоуправна спогодба за утврдување и распределба на вкупниот приход и доход; 5) самоуправна спогодба за распределба на личните доходи на работниците; 6) самоуправна спогодба за стручно образование; и 7) самоуправна спогодба за заштита при работата, и дека во точката 4 на овој член е определено работничкиот совет да донесува и самоуправна спогодба за систематизација на работните места. Судот потоа утврди дека и во ставот 2 на член 129 од статутот е определено работничкиот совет да ги донесува самоуправните спогодби.

Согласно членот 4 од Законот за меѓусебните односи на работниците во здружениот труд („Службен лист на СФРЈ“ бр. 22/73) правата и обврските од меѓусебните односи на работниците во здружениот труд ги уредуваат непосредно работниците во основната организација и тоа со една или повеќе самоуправни спогодби. Според членот 5 од овој закон работничкиот совет е овластен само да подготвува предлог на самоуправна спогодба за меѓусебните односи во здружениот труд. Предлогот на самоуправната спогодба го утврдуваат работниците со мнозинство гласови од вкупниот број на работниците во основната организација, а самоуправната спогодба се смета за склучена кога две третини од вкупниот број на работниците ќе дадат писмена изјава со која ги прифаќаат правата и обврските утврдени со предлогот на самоуправната спогодба. Со оглед на тоа што во означените одредби од статутот е определено самоуправните спогодби од областа на меѓусебните односи на работниците во здружениот труд да ги донесува работничкиот совет, Судот утврди дека тие не се во согласност со членовите 4 и 5 од означениот закон.

На основа изнесеното Судот одлучи како во точката 1 на оваа одлука.

У. бр. 62/75
8 октомври 1975 година
Скопје

Претседател
на Уставниот суд на Македонија,
**д-р Асен Групче,** с. р.

---

**461.**

Уставниот суд на Македонија, оценувајќи ја уставноста и законитоста на Правилникот за плаќање на патниците во Волнарскиот комбинат „Тодор Циповски — Мерџан" во Тетово бр. 332/9, донесен од управниот одбор на комбинатот на 14 август 1972 година и на Одлуката за измена на Правилникот за плаќање на патниците бр. 448/41 донесена од управниот одбор на комбинатот на 2 ноември 1973 година, на седницата одржана на 9 октомври 1975 година, донесе

## ОДЛУКА

1. СЕ ПОНИШТУВААТ Правилникот за плаќање на патниците во Волнарскиот комбинат „Тотор Циповски — Мерџан" во Тетово бр. 332/9, донесен од управниот одбор на комбинатот на седницата одржана на 14 август 1972 година и Одлуката за измена на Правилникот за плаќање на патниците бр. 448/41 донесена од управниот одбор на комбинатот на седницата одржана на 2 ноември 1973 година.

2. Оваа одлука ќе се објави во „Службен весник на СРМ" и во Волнарскиот комбинат „Тодор Циповски — Мерџан" во Тетово на начин определен за објавување на самоуправните општи акти.

3. Уставниот суд на Македонија, по повод на поднесена претставка со решение У. бр. 64/74 од 18 јуни 1975 година поведе постапка за оценување уставноста и законитоста на актите означени во точката 1 на оваа одлука, затоа што основано се постави прашањето за нивната согласност со ставот 1 на член 23 од Уставот на СР Македонија и со членот 4 од сојузниот Закон за меѓусебните односи на работниците во здружениот труд („Службен лист на СФРЈ" бр. 22/73), и за членот 2 од одлуката и за неговата согласност со ставот 2 на член 260 од Уставот на СР Македонија.

4. Во претходната постапка и на седницата од 9 октомври 1975 година Судот утврди дека со Правилникот за плаќање на патниците во комбинатот се определени основите и мерилата за распределба на средствата за лични доходи и другите примања на трговските патници и дека тој е донесен од управниот одбор на комбинатот на 14 август 1972 година, односно пред влегувањето во сила на сојузниот Закон за меѓусебните односи на работниците во здружениот труд. Судот исто така утврди дека со означената одлука, со која е изменет овој правилник, на одделни трговски патници во секторот за продажба на ткаенини и преѓа е намален процентот врз основа на кој се пресметува нивниот личен доход и дека оваа одлука е донесена од управниот одбор на комбинатот на 2 ноември 1973 година, односно по влегувањето во сила на означениот закон.

Согласно членот 4 од сојузниот Закон за меѓусебните односи на работниците во здружениот труд правата и обврските од меѓусебните односи во здружениот труд ги уредуваат работниците во основната организација и тоа со самоуправни спогодби, а според членот 76 од овој закон работниците во организациите на здружениот труд беа должни своите меѓусебни односи во здружениот труд да ги уредат во согласност со одредбите на овој закон до крајот на 1973 година. Според мислењето на Судот по влегувањето во сила на овој закон меѓусебните односи на работниците во здружениот труд можат да бидат уредувани само со самоуправни спогодби склучени согласно членот 5 од законот, односно овие односи не можат повеќе да бидат уредувани со општ акт што не е донесен непосредно од работниците. Од друга страна согласно ставот 1 на член 23 од Уставот на СР Македонија и ставот 1 на член 4 од означениот закон, работниците во основната организација на здружениот труд ги утврдуваат основите и мерилата за распределба на средствата за лични доходи како и начинот за пресметување и исплата на личните доходи. Со оглед на тоа што Правилникот за плаќање на патниците во комбинатот, како и одлуката за измена на овој правилник не се донесени непосредно од работниците на основната организација во која патниците се вработени, туку се донесени од управниот одбор на комбинатот, Судот смета дека тие не се во согласност со ставот 1 на член 23 од Уставот на СР Македонија, како и со членот 4 од сојузниот Закон за меѓусебните односи на работниците во здружениот труд.

5. Оценувајќи го посебно оспорениот член 2 од Одлуката за измена на Правилникот за плаќање на патниците во комбинатот, Судот утврди дека во него е определено одлуката да влезе во сила со денот на донесувањето (2 ноември 1973 година), а да се применува од 1 јануари 1973 година.

Согласно ставот 2 на член 260 од Уставот на СР Македонија, самоуправните општи акти не можат да се применуваат пред да се објават на соодветен начин. Со оглед на тоа што со одлуката за одделни трговски патници во секторот за продажба на ткаенини и преѓа се изменети мерилата, односно се намалени процентите врз основа на кои се пресметува нивниот личен доход, а со членот 2 од одлуката на таа одлука ѝ е дадено повратно дејство, Судот оцени дека и овој член од одлуката не е во согласност со ставот 2 на член 260 од Уставот на СР Македонија.

Оваа одлука, согласно членот 433 од Уставот на СР Македонија, Судот ја донесе на седница, без претходно одржување на јавна расправа, затоа што оцени дека за натамошно разјаснување на состојбата на работите по предметот не е неопходно присуство на учесниците во постапката.

На основа изнесеното Судот одлучи како во точката 1 на оваа одлука.

У. бр. 64/74
9 октомври 1975 година
Скопје

Претседател
на Уставниот суд на Македонија,
**д-р Асен Групче,** с. р.

---

**462.**

Уставниот суд на Македонија, оценувајќи ја уставноста и законитоста на Правилникот за распределба на личните доходи, донесен од работничкиот совет на Земјоделско-индустрискиот комбинат „Зора" во Гевгелија на седницата од 31 октомври 1964 година и на Одлуката за прифаќање предлогот на комисијата за зголемување на личните доходи на работниците, донесена од работничкиот совет на комбинатот на седницата од 5 април 1974 година, по јавната расправа одржана на 8 октомври 1975 година донесе

## ОДЛУКА

1. СЕ УКИНУВААТ:

а) Правилникот за распределба на личните доходи донесен од работничкиот совет на Земјоделско-индустрискиот комбинат „Зора" во Гевгелија на седницата одржана на 31 октомври 1964 година; и

б) Одлуката за прифаќање предлогот на комисијата за зголемување на личните доходи на работниците донесена од работничкиот совет на комбинатот на седницата одржана на 5 април 1974 година.

2. Оваа одлука ќе се објави во „Службен весник на СРМ" и во Основната организација на здружениот труд „Интеримпекс-Зора" во Гевгелија на начин определен за објавување на општите акти.

3. Уставниот суд на Македонија, по повод на поднесена претставка, со решение У. бр. 66/74 од 21 мај 1975 година поведе постапка за оценување уставноста и законитоста на правилникот и одлуката означени во точката 1 на оваа одлука, затоа што основано се постави прашањето за нивната согласност со членот 22 и ставот 1 на член 23 од Уставот на СР Македонија, како и со членовите 4 и 76 од сојузниот Закон за меѓусебните односи на работниците во здружениот труд („Службен лист на СФРЈ" бр. 22/73), а во поглед на оспорената одлука основано се постави и прашањето за нејзината согласност со членот 204 од Уставот на СР Македонија.

4. Во претходната постапка и на јавната расправа Судот утврди дека оспорениот Правилник за распределба на личните доходи е донесен од работничкиот совет на комбинатот на седницата од 31 октомври 1964 година, односно пред влегувањето во сила на сојузниот Закон за меѓусебните односи на работниците во здружениот труд и дека распределбата на средствата за лични доходи во комбинатот сѐ уште се врши врз основа на овој правилник. Судот исто така утврди дека оспорената Одлука за прифаќање предлогот на комисијата за зголемување на личните доходи е донесена од работничкиот совет на комбинатот по влегувањето во сила на сојузниот Закон за меѓусебните односи на работниците во здружениот труд.

Согласно членот 4 од означениот закон правата и обврските од меѓусебните односи во здружениот труд ги уредуваат работниците во основната организација и тоа со една или повеќе самоуправни спогодби, а според членот 76 од овој закон работниците во организациите на здружениот труд беа должни своите меѓусебни односи во здружениот труд да ги уредат во согласност со одредбите на овој закон до крајот на 1973 година.

Со оглед на тоа што во Основната организација на здружениот труд „Интеримпекс-Зора" во Гевгелија се применува Правилник за распределба на личните доходи што е донесен пред влегувањето во сила на сојузниот Закон за меѓусебните односи на работниците во здружениот труд и што тој не е усогласен со одредбите на овој закон, како и со оглед на тоа што во оваа организација на здружениот труд и по влегувањето во сила на законот работничкиот совет донел одлука за распределба на средствата за лични доходи, Судот смета дека оспорените правилник и одлука не се во согласност со членовите 4 и 76 од означениот закон.

5. Оценувајќи ги посебно одделните одредби од оспорениот правилник Судот утврди дека во членовите 7 и 8 од правилникот се утврдени основи за распределба на средствата за лични доходи, односно за определување пресметковните основи на одделните работни места и тоа: 1) квалитетот, односно сложеноста на работата, тежината на работата, условите под кои се извршува работата и одговорноста за извршување на работата; 2) квантитетот, кој се мери преку количински остварено то производство; 3) стручната подготовка — квалификација; 4) потребната практика — работен стаж; и 5) одговорноста на работното место. Пресметковните основи на личните доходи за работните места се определени во Прегледот на пресметковните основи, кој согласно членот 82 од правилникот претставува негов составен дел. Во овој преглед пресметковните основи се определени во фиксни парични износи без претходно утврдување на мерила за влијанието на секој од основите утврдени во членовите 7 и 8 од правилникот врз придонесот на работникот во остварувањето на доходот на организацијата.

Оценувајќи ја посебно оспорената одлука, со која е прифатен предлогот на Комисијата за зголемување личните доходи на работниците, Судот утврди дека во неа се определени само видовите на работните места и паричниот износ на месечната аконтација на личниот доход за соодветните работни места, при што за одделни работни места овие аконтации се определени во фиксни парични износи, а за други работни места во одреден распон на парични износи. Кон оваа одлука е приложен и поименичен список на работниците во комбинатот во кој се означени дотогашниот износ на месечната аконтација на личниот доход и предлогот за нејзиниот нов износ. Оваа одлука не содржи ниту основи ниту мерила според кои се утврдени новите износи на месечните аконтации на личните доходи на работниците.

За остварување на начелото за распределба според трудот, утврдено во членот 22 од Уставот на СР Македонија, работниците во основната организација на здружениот труд, согласно ставот 1 на член 23 од Уставот и ставовите 1, 2 и 3 на член 42 од сојузниот Закон за меѓусебните односи на работниците во здружениот труд, утврдуваат основи и мерила за распределба на средствата за лични доходи и го определуваат начинот за пресметување и исплата на личните доходи.

Со оглед на тоа што распределбата на средствата за лични доходи во Основната организација на здружениот труд „Интеримпекс-Зора" во Гевгелија се врши врз основа на општи акти во кои се утврдени само основи, а не се утврдени и мерила за распределба на овие средства и што месечната аконтација на личните доходи на работниците однапред е определена во фиксно утврдени парични износи, независно од резултатите на трудот на работникот и неговиот личен придонес што со својот труд во текот на месецот го дал за зголемувањето на доходот на својата основна организација на здружениот труд, Судот смета дека тие не се во согласност со означените одредби на Уставот и законот.

6. Во претходната постапка и на јавната расправа Судот исто така утврди дека во Одлуката за прифаќање предлогот на комисијата за зголемување на личните доходи на работниците, за сезонските и општите работници во рамките на исто работно место е определен различен износ на месечната аконтација на личниот доход во зависност од тоа дали на работното место се наоѓа маж или жена, така што за мажите е определен повисок, а за жените понизок износ на месечната аконтација.

Во членот 22 од Уставот на СР Македонија е определено дека на секој работник, во согласност со начелото на распределба според трудот и со порастот на продуктивноста на неговиот и на вкупниот општествен труд и со начелото на солидарноста на работниците во здружениот труд, му припаѓа од доходот на основната организација на здружениот труд личен доход за задоволување на неговите лични, заеднички и општи општествени потреби, според резултатите од неговиот труд и неговиот личен придонес што со својот тековен и минат труд го дал за зголемувањето доходот на основната организација. Од друга страна, во ставот 1 на член 204 од Уставот на СР Македонија е определено дека граѓаните се еднакви во правата и должностите без оглед на разликата во полот. Судот смета дека ваквиот начин на определување личен доход на одделни работници не е во согласност со начелото за распределба според трудот утврдено во членот 22 од Уставот на СР Македонија, како и со начелото за еднаквоста во

правата и должностите на граѓаните без оглед на полот, утврдено во членот 204 од Уставот на СР Македонија, затоа што не го зема предвид реалниот придонес на работникот во остварувањето доходот на основната организација и распределбата на средствата за лични доходи ја заснова врз разликите што постојат меѓу работниците со оглед на полот.

На основа изнесеното Судот одлучи како во точката 1 на оваа одлука.

У. бр. 66/74
8 октомври 1975 година
Скопје

Претседател
на Уставниот суд на Македонија,
**д-р Асен Групче,** с. р.

# ОПШТИ АКТИ НА САМОУПРАВНИТЕ ИНТЕРЕСНИ ЗАЕДНИЦИ

ЗАЕДНИЦА НА ПЕНЗИСКОТО И ИНВАЛИДСКОТО ОСИГУРУВАЊЕ НА МАКЕДОНИЈА

**337.**

Врз основа на член 114 став 3 од Законот за пензиското и инвалидското осигурување („Службен весник на СРМ" бр. 46/72) и член 146 и 203 став 1 точка 1 од Статутот на Заедницата на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија („Службен весник на СРМ" бр. 28/73), Собранието на Заедницата на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија, на седницата одржана на 17 ноември 1975 година, донесе

## ОДЛУКА

## ЗА ДОПОЛНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УТВРДУВАЊЕ НА РАБОТНИТЕ МЕСТА НА КОИ СТАЖОТ НА ОСИГУРУВАЊЕТО СЕ СМЕТА СО ЗГОЛЕМЕНО ТРАЕЊЕ, СТЕПЕНОТ НА ЗГОЛЕМУВАЊЕТО НА СТАЖОТ НА ОСИГУРУВАЊЕТО НА ТИЕ РАБОТНИ МЕСТА И ПОСТАПКАТА ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ФАКТИЧКАТА СОСТОЈБА

Член 1

Во Одлуката за утврдување на работните места на кои стажот на осигурувањето се смета со зголемено траење, степенот на зголемувањето на стажот на осигурувањето на тие работни места и постапката за утврдување на фактичката состојба („Службен весник на СРМ" бр. 31/75), во членот 2 во одделот X — во леарници по работните места под 7) се додаваат нови работни места, кои гласат:

„8) работни места на работници кои работат на подготовка и преработка на песок,

9) работни места на работници кои работат на работите на лиење во калапи и кокили (под притисок, центрифугално и гравитационо).

Секои 12 месеци поминати на работните места под 8 и 9 се сметаат во стаж на осигурување како 15 месеци.

10) работни места на работници кои работат на работите на изработка на песковни езгра (срца),

11) работни места на работници кои работат на работите на хранење — саржирање и одржување на печки за топење на сива одливка, челик и обоени метали, како и подготвување на казани за лиење,

12) работни места на работници кои работат полно редовно работно време на работите наракување со товарот исклучиво во просториите на леарниците и чистилниците,

13) работни места на работници кои исклучиво работат на одржување постројки за лиење, топилнички и други агрегати во просториите на леарниците, а не и во одвоените работилници,

14) работни места на технолози, работоводители, сменоводители и бригадири кои најмалку 80% од редовното работно време го поминуваат на непосредна работа во леарница.

Секои 12 месеци поминати на работните места под 10), 11), 12 и 14) се сметаат во стаж на осигурување како 14 месеци".

Член 2

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на СР Македонија".

СОБРАНИЕ НА ЗАЕДНИЦАТА НА ПЕНЗИСКОТО И ИНВАЛИДСКОТО ОСИГУРУВАЊЕ НА МАКЕДОНИЈА

Бр. 01-1502
17 ноември 1975 година
Скопје

Претседател,
**Лилјана Манева,** с. р.

**338.**

Врз основа на член 98 став 2 и член 118 од Статутот на Заедницата на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија („Службен весник на СРМ" бр. 28/73), Собранието на Заедницата на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија, на седницата одржана на 17 ноември 1975 година, донесе

## ОДЛУКА

## ЗА ВИСИНАТА НА ПАУШАЛНИОТ НАДОМЕСТОК НА ИНВАЛИДИТЕ НА ТРУДОТ И ДЕЦАТА ИНВАЛИДИ НА ОСИГУРЕНИЦИ ЗА ВРЕМЕТО ДОДЕКА СЕ ВРШИ ПРОФЕСИОНАЛНА РЕХАБИЛИТАЦИЈА НАДВОР ОД МЕСТОТО НА ЖИВЕЕЊЕТО

I

На инвалидите на трудот и децата инвалиди на осигуреници на кои не им е обезбедено бесплатно сместување и исхрана за времето додека професионалната рехабилитација се врши во друго место (надвор од местото на постојаното живеење), а за вршењето на рехабилитацијата не може да се обезбеди постојан превоз од местото на живеењето до местото каде што се врши рехабилитацијата, им припаѓа паушален надоместок.

II

Паушалниот надоместок во случаите од точка I на оваа одлука изнесува 900,00 динари месечно.

III

Инвалидите на трудот и децата инвалиди на осигуреници кои живеат надвор од местото каде што се врши рехабилитацијата а користат превоз, имаат право на надоместок на трошоците за превоз.

Надоместокот на трошоците за превоз од претходниот став припаѓа само за деновите поминати на професионална рехабилитација.

IV

На инвалидите на трудот и децата инвалиди на осигуреници од точката III им припаѓа дел од паушалниот надоместок во висина од 25% од износот утврден во точката II на оваа одлука.

V

На инвалидите на трудот односно децата инвалиди на осигуреници, не им припаѓа паушален надоместок за неоправданите отсуствувања од рехабилитација како и за времето поминато на годишен одмор. Паушален надоместок не припаѓа и за времето поминато на стационарно лекување.

VI

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија“, а ќе се применува од 1 јануари 1976 година.

СОБРАНИЕ НА ЗАЕДНИЦАТА НА ПЕНЗИСКОТО И ИНВАЛИДСКОТО ОСИГУРУВАЊЕ НА МАКЕДОНИЈА

Бр. 01-1503/1
17 ноември 1975 година
Скопје

Претседател,
**Лилјана Манева**, с. р.

**339.**

Врз основа на член 14 од Законот за пензиското и инвалидското осигурување („Службен весник на СРМ“ бр. 46/72), и член 203 став 1 точка 11 а во врска со член 256 од Статутот на Заедницата на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија („Службен весник на СРМ“ бр. 28/73), Заедницата на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија и Македонската православна црква во Социјалистичка Република Македонија, склучуваат

# ДОГОВОР

## ЗА ПЕНЗИСКО И ИНВАЛИДСКО ОСИГУРУВАЊЕ НА СВЕШТЕНИЦИТЕ НА МАКЕДОНСКАТА ПРАВОСЛАВНА ЦРКВА

### ОПШТИ ОДРЕДБИ

Член 1

Со овој договор се регулира спроведувањето на пензиското и инвалидското осигурување на свештениците на Македонската православна црква и членовите на нивните семејства (во натамошниот текст: осигуреници).

Член 2

Како осигуреници, во смисла на овој договор, се сметаат свештениците, ѓаконите, монашките лица на кои епархискиот архиереј ќе им довери вршење на парохиска или ѓаконска служба и сите други монашки лица.

Лицата од став 1 на овој член имаат својство на осигуреник и додека се во служба на Македонската православна црква во странство.

Член 3

Осигурениците и членовите на нивните семејства ги уживаат правата од пензиското и инвалидското осигурување во обем и под условите определени со Законот за пензиското и инвалидското осигурување, Статутот и другите општи акти на Заедницата на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија, ако со овој договор не е поинаку определено.

Член 4

Правата на осигурениците од пензиското и инвалидското осигурување се определуваат во зависност од основицата на осигурувањето и пензискиот стаж на осигурувањето.

### ОСНОВИЦИ НА ОСИГУРУВАЊЕ

Член 5

Заради определување на правата од пензиското и инвалидското осигурување и за плаќање на придонес, осигурениците се распоредуваат според школските квалификации и пензискиот стаж во следните основици на осигурување.

1) За осигуреници со висока школска подготовка (I категорија) и со пензиски стаж:

| | Основица на осигурување |
|---|---|
| до 10 години | 1.950 |
| над 10 до 20 години | 2.100 |
| „ 20 до 30 години | 2.450 |
| „ 30 години | 2.850 |

2) За осигуреници со виша школска подготовка (II категорија) и со пензиски стаж:

| | |
|---|---|
| до 10 години | 1.750 |
| над 10 до 20 години | 1.950 |
| „ 20 до 30 години | 2.280 |
| „ 30 години | 2.600 |

3) За осигуреници со средна школска подготовка (III категорија) и со пензиски стаж:

| | |
|---|---|
| до 10 години | 1.550 |
| над 10 до 20 години | 1.750 |
| „ 20 до 30 години | 2.100 |
| „ 30 години | 2.450 |

4) За осигуреници со нижа школска подготовка (IV категорија) и пензиски стаж:

| | |
|---|---|
| до 10 години | 1.350 |
| над 10 до 20 години | 1.550 |
| „ 20 до 30 години | 1.750 |
| „ 30 години | 1.950 |

На осигурениците кои примаат фиксен личен доход како основица на осигурување им служи тој доход. Најниската основица на осигурувањето од претходниот став не може да биде помала од 1.350 динари.

Член 6

Рангот на верските училишта според кои се утврдува категоријата на школските подготовки го определува светиот архиерејски синод.

Член 7

Определување на повисока основица според навршениот пензиски стаж се врши по службена должност и тоа од првиот ден на наредниот месец по месецот во кој се исполнети условите за промена на основицата на осигурувањето.

Кога со дополнително признаен пензиски стаж осигуреникот се здобил со право на повисока основица на осигурување во смисла на став 1 од овој член, менувањето на основицата се врши од првиот ден на наредниот месец по поднесувањето на барањето.

Член 8

Во зависност од порастот на личните доходи на работниците во Републиката, основиците на осигурување од член 5, почнувајќи од 1 јануари 1976 година задолжително во почетокот на секоја календарска година се пресметуваат на соодветен повисок износ со примена на валоризационен коефициент што го утврдува со одлука Собранието на Заедницата на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија, доколку порастот на личните доходи во Републиката во изминатата година изнесува најмалку за 5%.

Ако порастот на личниот доход во минатата година во Републиката бил помал од 5% па затоа не е извршено пресметување на основиците на осигурувањето во смисла на став 1 од овој член, процентот на зголемувањето на личните доходи од претходната година се додава на процентот на зголемувањето на личните доходи во наредната година, па основицата на осигурувањето се зголемува за вкупниот процент на зголемувањето на личните доходи во двете години во смисла на став 1 од овој член.

## ПЕНЗИСКО ОСИГУРУВАЊЕ

Член 9

Правата од пензиското осигурување ги стекнуваат осигурениците од член 2 на овој договор и членовите на нивните семејства во обем и под условите определени со Законот за основните права од пензиското и инвалидското осигурување, Законот за пензиското и инвалидското осигурување, Статутот и другите општи акти на Заедницата на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија, ако со овој договор не е определено поинаку.

Осигурениците од член 2 од овој договор не можат да остварат право на старосна пензија по одредбите на член 175 од Законот за пензиското и инвалидското осигурување, како и право на заштитен додаток.

Член 10

Старосната пензија се определува од пензиската основица која се утврдува од просечниот износ на основиците на осигурувањето според кои е уплатуван придонесот за пензиско и инвалидско осигурување во последните 10 години на осигурување пред остварувањето на правото на пензија, или во кои и да било последователни 10 години на осигурување од член 5 на овој договор на кои осигуреникот бил осигурен (член 17 и 21 од ЗПИО).

Додека не се наврши периодот предвиден во член 17 став 2 од Законот за пензиското и инвалидското осигурување пензиската основица ќе се утврдува врз основа на основиците на осигурувањето за онолку години на осигурување колку што ги има осигуреникот од 1 јануари 1966 година.

За пресметување просечниот износ на основиците на осигурувањето се земаат предвид само оние основици на осигурување од календарската година во која осигуреникот бил осигурен најмалку 6 месеци.

Член 11

Просечниот износ на основиците на осигурувањето од поранешните години на осигурување се валоризираат според движењето на просекот на личните доходи на подрачјето на Републиката.

Валоризационите коефициенти во врска со претходниот став ги утврдува Заедницата во почетокот на секоја календарска година врз основа на службените статистички податоци за движењето на личните доходи на сите работници вработени во Републиката во изминатата година.

## ИНВАЛИДСКО ОСИГУРУВАЊЕ

Член 12

Во случај на инвалидност и телесно оштетување осигурениците имаат во обем и под условите од Законот за основните права од пензиското и инвалидското осигурување, Законот за пензиското и инвалидското осигурување и Статутот на Заедницата на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија, право на: инвалидска пензија, додаток за помош и нега, паричен надоместок во врска со користење на тие права ако ги исполнуваат пропишаните услови.

Член 13

Правото на инвалидска пензија може да се остварува откако осигуреникот помине најмалку три години во осигурување.

По исклучок од ставот 1 на овој член осигуреникот, кај кој настапи инвалидност како последица на несреќа на работа или професионална болест, стекнува право на инвалидска пензија и пред истекот на три години на осигурување.

Член 14

Правото на професионална рехабилитација и вработување на осигурениците од овој договор им се обезбедува по Законот за пензиското и инвалидското осигурување и Статутот на Заедницата на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија во случај на инвалидност од III категорија.

Трошоците во врска со професионалната рехабилитација односно вработување на инвалидите од став 1 на овој член вклучувајќи ги и паричните надоместоци што им припаѓаат на инвалидите на трудот и по овој договор, паѓаат на товар на средствата на Заедницата.

Член 15

Инвалидност во смисла на Законот за пензиското и инвалидското осигурување постои кога кај осигуреникот настанало губење или намалување на способноста да ја врши својата работа, кое не може да се отстрани со лекување односно со мерки на медицинска рехабилитација.

Инвалидност постои и кога осигуреникот поради настанатата трајна промена во неговата здравствена состојба не смее натаму да врши работа за која со посебни прописи е одредено дека можат да ја вршат само лица кои исполнуваат одредени посебни услови во однос на здравствената состојба.

Член 16

Како своја работа во смисла на член 55 од Законот за пензиското и инвалидското осигурување, член 44 од Статутот на Заедницата на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија и овој договор се сметаат работите што ги врши осигуреникот во вршење на верската должност.

Право на професионална рехабилитација и право на вработување по Законот за пензиското и инвалидското осигурување и Статутот на Заедницата на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија имаат осигурениците на кои Македонската православна црква не може да им обезбеди друга должност односно работа.

Професионалната рехабилитација и вработување на осигурениците по одредбите на Законот за пензиското и инвалидското осигурување и Статутот на Заедницата на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија се врши за работно место на онаа категорија на школска подготовка според која осигуреникот е распореден во основица на осигурувањето од член 5 на овој договор.

Член 17

Инвалидската пензија се одредува од пензиската основа што се утврдува на ист начин на кој се утврдува основата за старосна пензија според член 5 и 8 од овој договор.

Ако инвалидската пензија се остварува со стаж на осигурување покус од периодот од кој се земаат личните доходи за утврдување на пензиската основа (член 17 став 2 од Законот за пензиското и инвалидското осигурување), пензиската основа се утврдува според основиците на осигурување за времето на вкупното траење на осигурувањето.

Член 18

Како основа за определување на материјалното обезбедување и надоместок во врска со користење правото на професионална рехабилитација односно правото на вработување на друга соодветна работа се зема просечниот износ на основиците на осигурувањето од член 5 и 8 од овој договор по кои осигуреникот бил осигурен во изминатата година.

Височината на материјалното обезбедување односно надоместокот од став 1 на овој член се определува во обем и под условите определени со Законот за пензиското и инвалидското осигурување и Статутот на Заедницата на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија предвидени за лица во работен однос.

Член 19

Кога за определување на поодделни права од Законот за пензиското и инвалидското осигурување и Статутот на Заедницата на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија се зема предвид личниот доход на осигуреникот остварен во определен период пред настапувањето на инвалидноста, како личен доход за определување на тоа право по овој договор се земаат износите на основиците на осигурувањето по кои е осигурен во соодветен период пресметани во смисла на член 5 од овој договор.

ПЕНЗИСКИ СТАЖ

Член 20

Во пензиски стаж на осигурениците се сметаат:

1) периодите на стажот на осигурувањето навршени во осигурување по Договорот за осигурување на свештениците на Македонската православна црква, а по извршената уплата на соодветните придонеси,

2) периодите на стажот на осигурувањето навршени пред и по почетокот на примената на Законот за пензиското и инвалидското осигурување (член 107—113 од Законот за пензиското и инвалидското осигурување),

3) периодите на посебниот стаж, и тоа времето на учество во: револуционерна работа, Народноослободителната војна, антифашистичката борба во други земји и војски, времето на учество во војните, како и времето на прекините на вршењето на самостојна дејност во смисла на прописите од член 177 од Законот за пензиското и инвалидското осигурување.

Член 21

На осигурениците им се сметаат во пензиски стаж покрај периодите од член 20 став 1 точка 3 од овој договор и другите приходи на посебниот стаж што се признаваат според прописите кои важеа во почетокот на примената на Законот за пензиското и инвалидското осигурување.

Времето поминато во вршење на самостојна дејност пред востановувањето на задолжително пензиско и инвалидско осигурување може на осигурениците да им се засмета во пензиски стаж под услов сами да обезбедат средства потребни за покривање на обврските настанати со признавање на ова време во пензиски стаж и тоа во обем и начин утврден со закон или со друг акт донесен врз основа на закон.

ПРИДОНЕСИ

Член 22

Придонесот за пензиското и инвалидското осигурување се пресметува и уплатува од основицата на осигурувањето во која осигуреникот индивидуално е распореден (член 9 од овој договор) и тоа според стапката определена од Собранието на Заедницата на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија за осигурениците во работен однос, пресметана за примена на нето износ на осигурувањето.

Член 23

Придонесот за пензиското и инвалидското осигурување го пресметува и уплатува Црковната општина односно Манастирската управа во полза на збирната жиро-сметка на средствата на Заедницата на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија.

Обврската за плаќање на придонесот стасува секој ден во месецот за тековниот месец.

Член 24

Осигуреникот кој за време на својот престој во странство врши свештеничка служба, како лице од член 2 од овој договор, ако не е задолжително осигурен за пензиско и инвалидско осигурување во странство, осигурен е според овој договор. Во тој случај Македонската архиепископија во Скопје е должна да го плаќа придонесот за пензиското и инвалидското осигурување според основицата на осигурувањето по член 5 од овој договор.

ПОСТАПКА ЗА ОСТВАРУВАЊЕ НА ПРАВАТА

Член 25

Остварувањето, користењето и губењето на правата од пензиското и инвалидското осигурување се врши според одредбите на член 60 до 62 од Законот за основните права од пензиското и инвалидското осигурување, член 119 до 134 од Законот за пензиското и инвалидското осигурување и одредбите од Статутот на Заедницата на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија.

Член 26

Ако со овој договор не е поинаку определено, правата од пензиското и инвалидското осигурување се остваруваат во постапката утврдена со Законот за основните права од пензиското и инвалидското осигурување, Законот за пензиското и инвалидското осигурување и Статутот на Заедницата на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија.

До колку со овој договор или прописите од ставот 1 на овој член не е регулирана постапката за остварување на некое право од пензиското и инвалидското осигурување, за остварување на тоа право ќе се применуваат одредбите од Законот за општа управна постапка.

Член 27

Право од пензиското и инвалидското осигурување, според овој договор, може да се оствари ако постои својство на осигуреник според Законот за пензиското и инвалидското осигурување.

Својство на осигуреник се установува врз основа на пријава за осигурување поднесена според прописите за водење на матичната евиденција. Пријава за осигурување на свештениците во странство поднесува Македонската архиепископија во Скопје.

Својството на осигуреник го утврдува, врз основа на пријавата, со решение надлежната филијала односно овластената стручна служба на чие подрачје се наоѓа местото на службата на осигуреникот, а за свештениците во странство решение за прием во осигурување донесува овластената стручна служба во Скопје.

Со решение од претходниот став осигуреникот се распоредува во соодветна основица на осигурување според член 5 од овој договор.

Член 28

Црковните општини и манастирските управи по предлог на надлежниот Епархиски архиереј се должни за своите осигуреници да поднесуваат пропишани пријави и одјави, како и друга документација потребна за распоредување на осигурениците по член 5 и 8 од овој договор.

Пријавата на осигурувањето, пријавата за промените во текот на осигурувањето што се од влијание за правата и обврските на осигуреникот, како и одјавата на осигурувањето се поднесува до надлежната филијала односно овластената стручна служба на чие подрачје се наоѓа местото на службата на осигуреникот, односно до овластената стручна служба во Скопје.

Член 29

Надлежната филијала, односно овластената стручна служба врз основа на пријавата на осигурување, со решение го утврдува својството на

осигуреник, промените во правата и обврските на осигуреникот и престанокот на осигурувањето.

Со решение од претходниот став осигуреникот се распоредува во основица на осигурувањето, со податоци за висината на основицата, стапката на придонесот и износот на придонесот за пензиското и инвалидското осигурување.

Решението од став 1 и 2 на овој член се доставува на црковната општина односно манастирската управа — како подносители на пријавата и на осигуреникот а за свештениците во странство решението се доставува до Македонската архиепископија во Скопје.

Против решението од став 1 и 2 на овој член може да се изјави жалба според постапката за остварување на правата од пензиското и инвалидското осигурување.

Член 30

Постапката за остварување на правата од пензиското и инвалидското осигурување на осигуреникот и членовите на неговото семејство се покренува на начин предвиден во одредбите на Законот за основните права од пензиското и инвалидското осигурување и Статутот на Заедницата на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија.

Член 31

Барањето за остварување на права од пензиското и инвалидското осигурување на осигуреникот односно членот на семејството на осигуреникот го поднесува осигуреникот во согласност со епархискиот архиерей.

Барањето од ставот 1 на овој член заедно со свој предлог и потребната документација епархискиот архиерей го доставува до надлежната филијала, односно овластената стручна служба кај која осигуреникот е осигурен во часот на покренувањето на постапката. Денот на поднесувањето на барањето од страна на црковната општина се зема како ден на покренување на постапката.

Член 32

За решавање по барањето за признавање на право од пензиското и инвалидското осигурување надлежна е филијалата односно овластената стручна служба на чие подрачје осигуреникот е осигурен во часот на поднесувањето на барањето.

За решавање по правото на семејна пензија надлежна е филијалата, односно овластената служба која е надлежна за решавање за правото на пензија на осигуреникот од кого се изведува правото на семејна пензија. Ако за правото на семејна пензија се решава по смртта на уживателот на пензијата надлежна е филијалата, односно овластената стручна служба на чие подрачје уживателот на правото има постојано место на живеење.

За решавање на правата на уживателите на пензија во врска со користењето на пензијата, како и за решавање за правото на семејна пензија по смртта на уживателот на пензијата за корисниците на право чие постојано место на живеење е надвор од Републиката надлежна е филијалата, односно овластената стручна служба во Скопје.

Член 33

По еден примерок од решението за признавање на соодветното право од пензиското и инвалидското осигурување надлежната филијала односно овластената стручна служба должна е да достави на осигуреникот, на Архиепископот на Македонската православна црква и на надлежниот епархиски архиерей.

Член 34

Инвалидските комисии надлежни за утврдување на инвалидноста и преостанатата работна способност се должни пред да дадат наод, оценка и мислење, да прибават мислење од Архиепископот на Македонската православна црква и епархискиот архиерей за можноста на осигуреникот да врши верска служба и за потребата и оправданоста од професионална рехабилитација, односно вработување.

Член 35

Правата од пензиското и инвалидското осигурување осигурениците можат да ги остварат откако сите стасани придонеси бидат во целост исплатени.

Правото на старосна односно инвалидска пензија може да се користи од денот на престанокот на вршењето на службата.

## ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Член 36

Осигурениците кои на денот на влегувањето во сила на овој договор се затечени како осигуреници според Договорот на Српската и Македонската православна црква, надлежната филијала, односно овластената стручна служба по службена должност со одделни решенија ќе ги распореди во соодветни основици од членот 5 на овој договор.

Член 37

За спроведување на пензиското и инвалидското осигурување на свештениците и монашките лица на Македонската православна црква ќе се применуваат, доколку со овој договор не е поинаку определено, одредбите на Законот за основните права од пензиското и инвалидското осигурување, Законот за пензиското и инвалидското осигурување и Статутот на Заедницата на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија.

Во сите случаи кога овој договор се повикува на прописите од законите и Статутот наведени во претходниот став, а дојде до измена на тие прописи при остварувањето на правата од пензиското и инвалидското осигурување ќе се применат соодветните изменети прописи доколку договорните странки тоа прашање не го регулираат поинаку.

Член 38

Појаснувања за примената и спроведувањето на овој договор дава, по потреба, Стручната служба на Заедницата на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија во согласност со Архиепископот на Македонската православна црква.

Член 39

Со денот на влегувањето во сила на овој договор престанува да важи Договорот за социјално осигурување на свештениците на Српската и Македонската православна црква („Службен лист на СФРЈ“ бр. 31/66 и 17/67).

Член 40

Овој договор може да се менува само во согласност на договорните странки.

Член 41

Овој договор влегува во сила од денот на потпишувањето, а ќе се применува од 1 јануари 1975 година и ќе се објави во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија“.

Бр. 01-1534/1
13 октомври 1975 година
Скопје

ДОГОВАРАЧИ:

За Македонската православна црква
Архиепископ Охридски и Македонски
**Доситеј**, с. р.

За Заедницата на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија
Секретар,
**Илија Бошков**, с. р.

ЗАЕДНИЦА НА ЗДРАВСТВОТО И ЗДРАВСТВЕНОТО ОСИГУРУВАЊЕ — ПРИЛЕП

**340.**

Врз основа на член 25 став 1 алинеја 2 од Законот за самоуправните интересни заедници на здравството и здравственото осигурување („Службен весник на СРМ" бр. 5/74), а во врска со член 30 став 1 точка 8 и член 31 став 2 од Самоуправната спогодба за основање на Општинската и основни заедници на здравството и здравственото осигурување — Прилеп, Собранието на Општинската заедница на здравството и здравственото осигурување — Прилеп, со рамноправно учество на Соборот на делегатите на корисниците на услуги — работници и Соборот на делегатите на давателите на услуги, на седницата одржана на ден 7. XI. 1975 година, донесе

## ОДЛУКА

### ЗА ОПРЕДЕЛУВАЊЕ НА ОСНОВИЦИ ЗА ПРЕСМЕТУВАЊЕ И ПЛАЌАЊЕ НА ПРИДОНЕСИТЕ НА ЗДРАВСТВЕНОТО ОСИГУРУВАЊЕ НА САМОСТОЈНИТЕ ЗАНАЕТЧИИ, УГОСТИТЕЛИ, АДВОКАТИ И ПРЕВОЗНИЦИ

Член 1

Како основица за пресметувањето и плаќањето на придонесите за здравственото осигурување на самостојните занаетчии, угостители, адвокати и автопревозници служи даночната основица (личниот доход) од самостојно вршење на стопанска дејност утврдена за претходната година, со тоа што таа основица се смета како аконтација за тековната година, која основица не може да изнесува помалку од минималниот личен доход во Републиката за тековната година.

Член 2

За самостојните занаетчии, угостители, адвокати и превозници, на кои не им се утврдува даночна основица, а данокот го плаќаат во годишен паушален износ, како основица за пресметување и плаќање на придонесот за здравственото осигурување ќе служи паушалниот износ односно минималниот личен доход во Републиката за тековната година.

Член 3

Ако даночната основица (личен доход) не е утврдена за дел од календарската година поради што дејноста не е обавувана за цела година, како основица ќе служи привремено минималниот личен доход определен за тукуштата година, до конечното утврдување на даночната основица.

Член 4

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на СРМ", а ќе се применува од 1 јануари 1975 година.

Бр. 4760
7. ноември 1975 година
Прилеп

Претседател,
**Пандо Бачаноски,** с. р.

ЗАЕДНИЦА НА ЗДРАВСТВОТО И ЗДРАВСТВЕНОТО ОСИГУРУВАЊЕ — БИТОЛА

**341.**

Врз основа на член 25 став 1 алинеја 2 од Законот за самоуправните интересни заедници на здравството и здравственото осигурување („Службен весник на СРМ" бр. 5/74), а во врска со член 26 точка 7 од Самоуправната спогодба за основање на Општинска заедница на здравството и здравственото осигурување — Битола и основни заедници во Битола, Демир Хисар и Ресен, по предлог на Извршниот одбор, Собранието на Општинската заедница на здравството и здравственото осигурување Битола, на заедничка седница на Соборот на делегатите — работници — корисници на услуги и Соборот на делегатите — даватели на услуги, одржана на 3. XI. 1975 година, донесе

## ОДЛУКА

### ЗА ОПРЕДЕЛУВАЊЕ НА ОСНОВИЦИ ЗА ПРЕСМЕТУВАЊЕ И ПЛАЌАЊЕ НА ПРИДОНЕСИТЕ ЗА ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ НА САМОСТОЈНИТЕ ЗАНАЕТЧИИ, САМОСТОЈНИТЕ УГОСТИТЕЛИ, АДВОКАТИТЕ И АВТОПРЕВОЗНИЦИТЕ

I

Како основица за пресметување и плаќање на придонесите за здравствено осигурување на самостојните занаетчии, самостојните угостители, адвокатите и автопревозниците служи даночната основица (личен доход) од самостојно вршење на стопанска дејност утврдена за претходната година, со тоа што таа основица се смета како аконтација за текуштата година.

За самостојните занаетчии, самостојните угостители, адвокатите и автопревозниците, на кои не им се утврдува даночна основица, а данокот го плаќаат во годишен паушален износ, како основица за пресметување и плаќање на придонесите за здравствено осигурување служи годишниот паушален износ на данокот од самостојно вршење на стопанската дејност во текуштата година.

Основиците за пресметување и плаќање на придонесите за здравствено осигурување за обврзниците на придонес утврдени во претходните ставови не може да изнесуваат помалку од минималниот личен доход во републиката за текуштата година.

II

Ако даночната основица (личен доход) е утврдена за дел од календарската година, основицата за осигурување се утврдува според таа даночна основица пресметана за цела година.

Ако даночната основица не е утврдена како основица за плаќање на придонесите и определување на правата по основ на здравственото осигурување, привремено ќе се смета најниската основица на осигурувањето од точка I став 2 на оваа одлука со тоа што конечното утврдување на основицата на осигурувањето ќе се изврши кога ќе биде утврдена даночната основица од самостојно вршење на стопанската дејност.

III

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на СРМ", а ќе се применува од 1 јануари 1975 година.

Бр. 02-48/33
3 ноември 1975 година
Битола

Собор на корисниците на услуги-работници,
Претседател,
**Томе Дранговски,** с. р.

Собор на даватели на услуги — здравствени работници
Претседател,
д-р. **Душко Николовски,** с. р.

Собрание на општинската заед. на здрав. и здрав. осигурување
Претседател,
**Дорче Спировски,** с. р.

# *Огласен дел*

## РЕГИСТАР НА РАБОТНИТЕ ОРГАНИЗАЦИИ

Окружниот стопански суд во Битола објавува дека во регистарот на задружните организации, на 25. VII.1974 година, рег. бр. 6/55, книга III е запишано следното: Продавница број 29 во Струга, на Земјоделската задруга „Напредок", село Ложани, Струшко. Предмет на работењето на продавницата е продажба, на мало, на сите видови прехранбени производи, мелнички преработки, деликатесни производи, производи врз база на шеќер и какао, како и други индустриски стоки, алкохолни и безалкохолни пијалоци, земјоделски производи и тутунови преработки и кибрит.

Раководител на продавницата е Пашо Зеќирија.

Продавницата е основана од Земјоделската задруга „Напредок", село Ложани, со одлуката од задружниот совет број 02-492 од 12. VII. 1974 година.

Продавницата ќе ја потпишува истото лице што ја потпишува задругата.

Од Окружниот стопански суд во Битола, Фи. бр. 744/74. (345)

---

Окружниот стопански суд во Битола објавува дека во регистарот на задружните организации, на 7. VI. 1974 год., рег. бр. 6/55, книга III е запишано следното: Цила Сефер, досегашен раководител на продавницата во село Мислодежда, Струга, на Земјоделската задруга „Напредок", село Ложани, е разрешен од должност.

За раководител на продавницата е поставен Исоски Нури.

Од Окружниот стопански суд во Битола, Фи. бр. 636/74. (346)

---

Окружниот стопански суд во Битола објавува дека во регистарот на организациите на здружен труд, на 7. VI. 1974 год., рег. бр. 6/55, книга III е запишано следното: Емини Емрула, досегашен раководител на Продавницата во село Френгово, Струга, на Земјоделската задруга „Напредок", село Ложани, е разрешен од должност.

За раководител на продавницата е поставен Илјази Зија.

Од Окружниот стопански суд во Битола, Фи. бр. 637/74. (347)

---

Окружниот стопански суд во Битола објавува дека во регистарот на организациите на здружен труд, на 7. VI. 1974 год., рег. бр. 6/55, книга III е запишано следното: Му престанува овластувањето на Танески Дукадин, досегашен раководител на Продавницата во село Ложани, Струга, односно бифето на Земјоделската задруга „Напредок" — село Ложани.

За раководител на продавницата е поставен Перески Глигор.

Од Окружниот стопански суд во Битола, Фи. бр. 648/74. (358)

---

Окружниот стопански суд во Битола објавува дека во регистарот на организациите на здружен труд. на 8. II. 1973 година, рег. бр. 3/73, книга I е запишана под фирма: Продавница „Елегант" во Битола, ул. „Село Радња" бр. 22, на Претпријатието за производство на конфекција и галантерија „Елегант" — Гевгелија. Предмет на работењето на продавницата е промет со текстилни производи.

Раководител на продавницата е Најдовски Цветан.

Продавницата е основана од Претпријатието за производство на конфекција и галантерија „Елегант" — Гевгелија, со одлуката од принудниот управник, бр. 02-1392/12 од 20. X. 1971 година.

Продавницата ќе ја потпишува истото лице што го потпишува и основачот.

Од Окружниот стопански суд во Битола, Фи. бр. 282/72. (675)

---

Окружниот стопански суд во Битола објавува дека во регистарот на организациите на здружен труд, на 12. II. 1973 година, рег. бр. 2/73, книга I е запишана под фирма: Продавница во Прилеп, ул. „Кузман Јосифовски" бр. 47, на Житарско-млинскиот комбинат „Житопромет" — Сента. Предмет на работењето на продавницата е продажба на сите видови млински производи, сточна храна и житарици.

Раководител на продавницата е Печијарески Киро.

Продавницата е основана од „Житопромет" — житарско-млински комбинат — Сента, со одлуката од работничкиот совет од 24. XI. 1972 год.

Продавницата ќе ја потпишува истото лице што го потпишува и основачот.

Од Окружниот стопански суд во Битола, Фи. бр. 103/73. (678)

---

Окружниот стопански суд во Битола објавува дека во регистарот на организациите на здружен труд, на 30. III. 1973 год., рег. бр. 4/57, книга II е запишана под фирма: Продавница во Битола, Булевар „1-ви Мај" бб, на Стакларскиот погон — Прилеп, на Дрвно-индустрискиот комбинат „Црн Бор" — Прилеп. Предмет на работењето на продавницата е вршење на стаклорезачки и брусачки услуги, изработка и промет на рамки и огледала.

Раководител на продавницата е Најдоски Јован.

Продавницата е основана од ДИК „Црн Бор" — Прилеп — Стакларски погон, со одлуката од работничкиот совет бр. 31 од 12. I. 1973 година.

Продавницата ќе ја потпишува истото лице што го потпишува и комбинатот.

Од Окружниот стопански суд во Битола, Фи. бр. 137/73. (701)

---

Окружниот стопански суд во Битола објавува дека во регистарот на организациите на здружен труд, на 5. III. 1973 година, рег. бр. 5/73, книга I е запишана под фирма: Филијала во Битола (без својство на правно лице) на Стопанската банка — Скопје. Предмет на работењето на филијалата е:

— прибавување кредити од Централата, Народната банка на Југославија и Народната банка на Македонија (доколку е тоа предвидено со Статутот на Банката),

— издавање на обврзници од локален карактер во соработка со Централата,

— издавање на благајнички записи,

— динарска и девизна депозитна функција на своите деловни партнери-работни и други организации,

— депозитна функција по средствата за станбена изградба,

— динарски и девизни депозити и работи со населението,

— давање краткорочни кредити за обртни средства,

— давање потрошувачки и други кредити на населението,

— давање на инвестициони кредити во основни и трајни обртни средства во рамките на расположивите средства. Овие кредити во дејностите: станбено-комунално стопанство, трговија, угостителство и занаетчиство филијалите ги одобруваат самостојно.

Во останатите области филијалите можат да одобруваат вакви кредити само до определена пресметковна вредност, која се утврдува со деловната политика на Банката, а која ќе може да биде помала од 10 милиони динари.

Кредити над пресметковната вредност, во смисла на претходниот став, филијалите можат да одобруваат само во согласност со Централата,

— давање кредити за станбена и комунална изградба,

— работење во врска со извршувањето на инвестициите и наплатата на ануитетите по дадените кредити од Централата спогодбено,

— учествување во финансирањето на домашни работни организации со учество во доходот и ризикот,

— платен промет и други банкарски работи со странство во спогодба со Централата,

— вршење механографска обработка на податоците во спогодба со Централата,

— вршење на други кредитни и банкарски работи определени со Статутот и посебна одлука на органите на Банката.

Филијалата е основана од Стопанската банка во Скопје, врз основа на договор за соединување на Комерцијално-инвестиционата банка — Битола, Комерцијално-инвестиционата банка — Скопје, и Стопанската банка — Скопје, од јануари 1973 година.

Филијалата ќе ја потпишува Илија Ивановски, в. д. директор,

Комерцијално-инвестиционата банка во Битола заедно со нејзините филијали во Охрид, Крушево, Струга и Ресен престана со работа и се брише од регистарот на стопанските организации што го води овој суд под рег. бр. 25/65, книга I.

Од Окружниот стопански суд во Битола, Фи. бр. 143 и 149/73. (570)

---

Окружниот стопански суд во Битола објавува дека во регистарот на организациите за здружен труд, на 20. II. 1973 година, рег. бр. 4/73, книга I е запишана под фирма: Продавница број 2 во Прилеп, ул. „Илинденска" бр. 75, на Трговското претпријатие „Личанка" — Скопје. Предмет на работењето на продавницата е продажба на сите видови текстилна стока.

Раководител на продавницата е Јовановски Павле.

Продавницата е основана од Трговското препријатие „Личанка" — Скопје, со одлуката на работничкиот совет, бр. 1848 од 24. XI. 1972 год.

Продавницата ќе ја потпишува истото лице што го потпишува и основачот.

Од Окружниот стопански суд во Битола, Фи. бр. 136/73. (708)

---

Окружниот стопански суд во Битола објавува дека во регистарот на организациите на здружен труд, на 7. VI. 1974 година, рег. бр. 6/55, книга III е запишано следното: Спироски Димитри, досегашен раководител на Продавницата во село Драслајца, на Земјоделската задруга „Напредок" — село Ложани е разрешен од должност.

За раководител на продавницата е поставен Лајкоски Никола.

Од Окружниот стопански суд во Битола, Фи. бр. 639/74. (349)

---

Окружниот стопански суд во Битола објавува дека во регистарот на задружните организации, на 7. VI. 1974 година, рег. бр. 6/55, книга III е запишано следното: Димоски Сисоја, досегашен раководител на Продавницата во село Брчево, Струга, на Земјоделската задруга „Напредок" — село Ложани, е разрешен од должност.

За раководител на продавницата е поставен Ѓоко Крстаноски.

Од Окружниот стопански суд во Битола, Фи. бр. 640/74. (350)

---

Окружниот стопански суд во Битола објавува дека во регистарот на задружните организации, на 7. VI. 1974 година, рег. бр. 6/55, книга III е запишано следното: Симоноски Боге, досегашен раководител на Продавницата во село Присовјани, на Земјоделската задруга „Напредок", с. Ложани, е разрешен од должност.

За раководител на продавницата е поставен Метоски Абдула.

Од Окружниот стопански суд во Битола, Фи. бр. 641/74. (351)

---

Окружниот стопански суд во Битола објавува дека во регистарот на задружните организации, на 7. VI. 1974 година, рег. бр. 6/55, книга III е запишано следното: Весели Абедин, досегашен раководител на продавницата во село Поум, на Земјоделската задруга „Напредок" — с. Ложани е разрешен од должност.

За раководител е назначен Исаку Рефик.

Од Окружниот стопански суд во Битола, Фи. бр. 642/74. (352)

---

Окружниот стопански суд во Битола објавува дека во регистарот на задружните организации, на 7. VI. 1974 година, рег. бр. 6/55, книга III е запишано следното: Стојановски Мартин, досегашен раководител на Продавницата број 10 во Струга, на Земјоделската задруга „Напредок", с. Ложани, е разрешен од должност.

За раководител е назначен Илоски Миленко.

Од Окружниот стопански суд во Битола, Фи. бр. 643/74. (353)

---

Окружниот стопански суд во Битола објавува дека во регистарот на задружните организации, на 7. VI. 1974 година е запишано следното: Колоски Сретен, досегашен раководител на Продавницата број 9 во Струга, на Земјоделската задруга „Напредок" од с. Ложани, Струга, е разрешен од должност.

За раководител на продавницата е назначена Дејковска Савета.

Од Окружниот стопански суд во Битола, Фи. бр. 644/74. (354)

---

Окружниот стопански суд во Битола објавува дека во регистарот на установите, на 7. VI. 1974 година, рег. бр. 6/55, книга III е запишано следното: Џабир Калики, досегашен раководител на Продавницата во село Делогожда, на Земјоделската задруга „Напредок" од село Ложани, Струга, е разрешен од должност.

За раководител е назначен Алити Алит.

Од Окружниот стопански суд во Битола, Фи. бр. 646/74. (356)

---

Окружниот стопански суд во Битола објавува дека во регистарот на задружните организации, на 7. VI. 1974 година, рег. бр. 6/55, книга III е запишано следното: Зиба Исни, досегашен раководител на Продавницата во село Ливада, на Земјоделската задруга „Напредок" — село Ложани, е разрешен од должност.

За раководител е назначен Арифи Ибраим.

Од Окружниот стопански суд во Битола, Фи. бр. 647/74. (357)

---

Окружниот стопански суд во Битола објавува дека во регистарот на организациите на здружен труд, на 7. VI. 1974 година, рег. бр. 6/55, книга III е запишано следното: Бујари Енвер, досегашен раководител на Продавницата во село Бицево, на Земјоделската задруга „Напредок" од село Ложани, Струга, е разрешен од должност.

За раководител е назначен Танковски Здравко.

Од Окружниот стопански суд во Битола, Фи. бр. 649/74. (359)

---

Окружниот стопански суд во Битола објавува дека во регистарот на организациите на здружен труд, на 19. II. 1974 година, рег. бр. 15/73, книга II е запишана под фирма: Заедница на здравственото осигурување на работниците — Струга. Предмет на работењето на Заедницата е спроведување на здравственото осигурување.

Заедницата е основана од Собранието на Заедницата на здравственото осигурување на работниците — Струга, со потврдени одлуки на собири-

те на осигурениците на организациите на здружениот труд од подрачјето на Струшка општина од 9. I. 1974 година.

Заедницата ќе ја потпишуваат Ристо Стефановски, в. д. директор и Трпоска Александра, шеф на сметководство.

Од Окружниот стопански суд во Битола, Фи. бр. 283/74. (360)

---

Окружниот стопански суд во Битола објавува дека во регистарот на организациите на здружен труд, на 26. II. 1974 година, рег. бр. 16/73, книга II е запишана под фирма: Заедница на здравственото осигурување на земјоделците — Струга. Предмет на работењето на Заедницата е спроведување на здравственото осигурување.

Заедницата е основана од Собранието на Заедницата на здравственото осигурување на земјоделците — Струга, со потврдени одлуки на собирите на осигурениците на организациите на здружен труд од подрачјето на Струшка општина од 9. I. 1974 година.

Заедницата ќе ја потпишуваат Ристо Стефановски, в. д. директор и Трпоска Александра, шеф на сметководството.

Од Окружниот стопански суд во Битола, Фи. бр. 298/74. (361)

---

Окружниот стопански суд во Битола објавува дека во регистарот на установите, на 8. IV. 1974 година, рег. бр. 94/66 е запишано следното: Здравствената станица во село Вевчани, Струга, се присоединува кон Медицинскиот центар — Струга.

Здравствената станица во село Вевчани престана со својата работа и се брише од регистарот на установите, поради нејзиното присоединување кон Медицинскиот центар — Струга.

Од Окружниот стопански суд во Битола, Фи. бр. 234/74. (362)

---

Окружниот стопански суд во Битола објавува дека во регистарот на организациите на здружен труд, на 13. VIII. 1974 година, рег. бр. 11/62, книга II е запишано следното: Фабриката за емајлирани производи „Борис Кидрич" — Струга се става под привремена управа.

Претседател на Одборот за привремена управа е Ѓорѓи Кировски, а членови: Кире Србиновски, Иван Голабоски, Миле Новакоски и Крсте Колов.

Овластено лице за потпишување е Кировски Ѓорѓи.

Оваа промена е извршена врз основа на Одлуката на Собранието на општина Струга, бр. 01-9088/1 од 9. VII. 1974 година.

Од Окружниот стопански суд во Битола, Фи. бр. 780/74. (363)

---

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на организациите на здружен труд, рег. бр. 1046, страна 217, книга V е запишано следното: Покрај досегашниот потписник Димитровски Димитар, директор на „Електротерма" — монтажно електроинсталатерска задруга — Скопје, согласно одлуката на работната заедница од 16. IX. 1974 год., задругата ќе ја потпишува, задолжува и раздолжува, во границите на овластувањето, и Јаковлевски Мојсо.

Обврската пред банката е со два потписа.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи. бр. 1115 од 5. XI. 1974 година. (368)

---

Окружниот стопански суд во Битола објавува дека во регистарот на задружните организации, на 7. III. 1974 година, рег. бр. 6/55, книга III е запишано следното: Ајро Рамадан Етем, досегашен раководител на Продавницата во село Радолишта, Струга, на Земјоделската задруга „Напредок" од село Ложани е разрешен од должност.

За раководител е назначен Мартиши Мерсин.

Од Окружниот стопански суд во Битола, Фи. бр. 638/74. (348)

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на организациите на здружен труд, рег. бр. 499, страна 1414, книга I е запишано следното: На досегашниот потписник на „Атом" — услужна занаетчиска задруга — Скопје и тоа: Нешковски Божин, шеф на сметководството, му престанува правото за потпишување со Одлуката на собирот на работните луѓе од одржаната седница на 25. X. 1974 година, број 06/73а од 25. X. 1974 година, бидејќи е разрешен поради болест.

За нов потписник на „Атом" — услужна занаетчиска задруга — Скопје, со одлука на собирот на работните луѓе, број 06/73а од 25. XI. 1974 година, е назначен Димитров Ѓорѓи, кој задругата ќе ја потпишува, задолжува и раздолжува, во границите на овластувањето, заедно со стариот потписник Зариќ Радослав, директор на задругата.

Обврската пред банката е со два потписа.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи. бр. 1298 од 5. XI. 1974 година. (369)

---

Загубениот примерок 1 од образец 743 на износ GO$ 3.500 н. дин. 58.181,55 пристигнат на 1. 8. 1973 година во „Технометал-Македонија" — Скопје преку Југобанка — Скопје е загубен и со ова објавување го губи своето правно и економско значење. (2885)

---

# КОНКУРСИ

ООЗТ Стоматолошки оддел при ОЗТ Медицински факултет во Скопје

распишува

**КОНКУРС**

за пополнување на едно работно место

ЛЕКАР — СТОМАТОЛОГ

на специјализација на Клиниката за болести на устата

Услови:

Покрај општите услови предвидени со закон, кандидатот треба да ги исполнува и следните посебни услови:

— да е лекар на специјализација и најмалку 5 години работно искуство како лекар-стоматолог.

Молбите со потребните документи за исполнување на условите се доставуваат преку архивата на работната заедница Заеднички дејности до Советот на ООЗТ Стоматолошки оддел.

Конкурсот е отворен 15 дена од денот на објавувањето. (322)

---

ООЗТ Стоматолошки оддел при ОЗТ Медицински факултет во Скопје

распишува

**КОНКУРС**

за пополнување на едно работно место

ЛЕКАР — СТОМАТОЛОГ

на Клиниката за орална хирургија

Услови:

Покрај општите услови предвидени со закон, кандидатот треба да ги исполнува и следните посебни услови:

— завршен медицински факултет — стоматолошки оддел и најмалку 5 години работно искуство.

Молбите со потребните документи за исполнување на условите се доставуваат преку архивата на работната заедница Заеднички дејности до Советот на ООЗТ Стоматолошки оддел.

Конкурсот е отворен 15 дена од денот на објавувањето. (323)

Советот на ООЗТ Клиника за гинекологија и акушерство при Медицинскиот факултет — Скопје

распишува

**КОНКУРС**

за пополнување на следните работни места:

1. Лекари-специјалисти по гинекологија и акушерство 3
2. Лекар-специјалист анестезиолог 1

УСЛОВИ: Покрај општите услови предвидени со законот, кандидатите треба да ги исполнуваат и следните посебни услови:

Под реден број 1 — кандидатите треба да имаат положено специјалистички испит по специјалноста гинекологија и акушерство.

Под реден број 2 — кандидатот да има положено специјалистички испит по анестезиологија и реанимација.

Покрај наведените услови кандидатите треба да се служат со еден од светските јазици и да поседуваат морално-политички квалитети.

Молбите со потребните документи за исполнување на условите се доставуваат преку архивата на работната заедница Заеднички дејности до Советот на ООЗТ Клиника за гинекологија и акушерство.

Конкурсот е отворен 15 дена сметано од денот на објавувањето. (324)

---

Советот на ООЗТ Институти при Медицинскиот факултет — Скопје

распишува

повторен

**КОНКУРС**

за пополнување на едно работно место:

ЛЕКАР НА ИНСТИТУТОТ ЗА БИОХЕМИЈА

Услови:

Покрај општите услови предвидени со закон, кандидатот треба да ги исполнува и следните посебни услови:

— завршен медицински факултет.

Изборот ќе се изврши врз основа на следните приоритетни критериуми:

— среден успех во текот на студиите;
— успех од положен тест за прием;
— да не е постар од 28 години по правило;
— да ја регулирал воената обврска;
— да го завршил задолжителниот лекарски стаж и да го положил стручниот испит;
— да се служи со еден од светските јазици;
— да покажува склоност и интерес за научно-истражувачка работа;
— да поседува морално-политички квалитети.

Молбите со потребните документи за исполнување на условите се доставуваат преку архивата на работната заедница Заеднички дејности до Советот на ООЗТ Институти.

Конкурсот е отворен 15 дена од денот на објавувањето. (326)

---

Конкурсната комисија при Претпријатието за изработка на сите видови килими и домашни ракотворби „ВЕРА ЈОЦИЌ" Крива Паланка, на својата седница одржана на 27-11-1975 година,

распишува

**КОНКУРС**

за пополнување на работното место директор

Покрај општите услови предвидени во ОЗРО, кандидатот треба да ги исполнува и следните посебни услови:

1. да има висока школска спрема;
2. да има виша школска спрема;
3. да има средна школска спрема.

Конкурсот трае 15 дена од неговото објавување во „Службен весник на СРМ".

Молбите се поднесуваат до Конкурсната комисија на Претпријатието за изработка на сите видови килими и домашни ракотворби „ВЕРА ЈОЦИЌ" — Крива Паланка.

Лицата кои се во работен однос кон молбата треба да приложат и согласно писмо од работната организација за конкурирање.

Личен доход според самоуправната спогодба за утврдување на доходот и распределба на личните доходи на работниците во Килимарата „ВЕРА ЈОЦИЌ" — Крива Паланка.

Некомплетираните документи нема да се примаат. (329)

---

**СОДРЖИНА**

Страна

453. Решение за утврдување престанување на функцијата членови и за именување членови на Републичкиот совет за безбедност на сообраќајот на патиштата — — 793
454. Решение за именување членови на Конкурсната комисија за именување на директор на Специјалниот завод во Демир Капија — — — — — — — — — — 793
455. Решение за именување вицегувернер во Народната банка на Македонија — — 793
456. Правилник за изменување и дополнување на Правилникот за програмата и начинот на полагањето на испитот за возач-инструктор — — — — — — — 794
457. Решение за определување здравствени организации за вршење испитување на здравствената исправност над прехранбените продукти и над предметите за општа употреба — — — — — — — 794
458. Одлука на Уставниот суд на Македонија, У. бр. 34/74 од 8 октомври 1975 година 794
459. Одлука на Уставниот суд на Македонија, У. бр. 55/75 од 8 октомври 1975 година 795
460. Одлука на Уставниот суд на Македонија, У. бр. 62/75 од 8 октомври 1975 година 796
461. Одлука на Уставниот суд на Македонија, У. бр. 64/74 од 9 октомври 1975 година 797
462. Одлука на Уставниот суд на Македонија, У. бр. 66/74 од 8 октомври 1975 година 797

**Општи акти на самоуправните интересни заедници**

337. Одлука за дополнување на Одлуката за утврдување на работните места на кои стажот на осигурувањето се смета со зголемено траење, степенот на зголемувањето на стажот на осигурувањето на тие работни места и постапката за утврдување на фактичката состојба — — — 799
338. Одлука за висината на паушалниот надоместок на инвалидите на трудот и децата инвалиди на осигуреници за времето додека се врши професионална рехабилитација надвор од местото на живеењето — — — — — — — — — 799
339. Договор за пензиско и инвалидско осигурување на свештениците на Македонската православна црква — — — — 800
340. Одлука за определување на основици за пресметување и плаќање на придонесите на здравственото осигурување на самостојните занаетчии, угостители, адвокати и превозници — — — — — 804
341. Одлука за определување на основици за пресметување и плаќање на придонесите за здравствено осигурување на самостојните занаетчии, самостојните угостители, адвокатите и автопревозниците — — — 804

**Издавач: „Службен весник на СРМ" — работна организација, Скопје, ул. „29 Ноември" бр. 10а. Пошт. фах 51. Тел. 32-836. Одговорен уредник Петар Јаневски. Жиро-сметка број 40100-601-128 кај Службата на општественото книговодство. Печат Графички завод „Гоце Делчев" — Скопје**